ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1бр. 18/24-133*
*28.05.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

**За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по изготвен**

Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/

Границите на опфатот се движат по:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на реката Отиња;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Браќа Миладинови“;
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Страшо Пинџур“;
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „Љубен Иванов“.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 25.561,78 $m_2$.

Јавната анкета и јавната презентација за Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/ ќе се спроведе со излагање на Предлог планот

во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 јуни 2025 (понеделник) до 27 јуни 2025 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 19 јуни (четврток) 2025 година во 13:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*